РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1774/2
25-06-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 33-та седница одржана на ден 11.06.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата со број 12-1774/1 од 17.04.2026 година, со наводи за сомневање за криминални дејствија поврзани со состојби во Република Северна Македонија од 1990 година, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување, бидејќи пријавата содржи општи констатации и укажувања, без конкретни факти, дејствија, лица или околности кои би упатувале на постоење на корупција или судир на интереси во смисла на Законот.

Предметот со број 12-1774/1 од 17.04.2026 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 17.04.2026 година до ДКСК е доставена пријава заведена под број 12-1774/1, во која се изнесени наводи поврзани со состојбите во Република Северна Македонија од 1990 година и од претходниот период.

При разгледувањето на пријавата, ДКСК констатира дека истата содржи општи наводи кои се однесуваат на состојби во државата во подолг временски период, без наведување на конкретни факти, дејствија, лица или околности кои би можеле да бидат предмет на испитување во рамки на надлежностите на ДКСК.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК утврди дека во конкретниот случај не постојат основи за поведување постапка во рамки на нејзините законски надлежности, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З., виш соработник
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk